# ПРОЦЕНКА НА СОЦИО-ЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ

## 2025











# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ И МЕТОДОЛОГИЈА

## Зошто оваа Студија?

ТИТАН Усје има долготрајна улога во индустриските темели на Северна Македонија, но неговиот целосен економски придонес досега не бил измерен на сеопфатен и транспарентен начин. Оваа Студија за социо-економско влијание е спроведена со цел да се оценат директните, индиректните и индуцираните ефекти на компанијата врз националната економија, со посебен осврт на вработеноста, додадената вредност, даночните приходи и инвестициите во заедницата. По пат на мапирање на економскиот отпечаток на ТИТАН Усје, Студијата им овозможува на носителите на политики, на индустриските партнери и на јавноста да разберат како една од водечките производствени компании во државата придонесува за пораст, стабилност и локален развој.

## Нашата методологија

Нашата анализа се темели на меѓународно признатa рамка за проценка на економско влијание, комбинирајќи компаниски податоци за локални набавки и инвестиции во заедницата со национално влезно-излезно моделирање. Со директните ефекти се мерат сопствените операции на ТИТАН Усје, вработеноста и финансиските придонеси. Индиректните ефекти ги опфаќаат влијанијата постигнати преку ланецот на вредности на компанијата, вклучително домашни набавки, продажби на комитенти и односи меѓу бизнисите. Индуцираните ефекти ја квантификуваат пошироката економска дејност што произлегува од потрошувачката на вработените во самите заедници – како на директно вработените во ТИТАН Усје, така и на оние поддржани во ланците на вредности на нашите добавувачи и комитенти.

Сите податоци подлежеа на проверка за внатрешна конзистентност, при што се конвертираа во македонски денари онаму каде што тоа беше неопходно и се споредија со националните макроекономски показатели во насока на обезбедување точност и споредливост.

Разбирањето на економијата подразбира познавање на начинот на меѓусебна интеракција на индустриите и како потрошувачката циркулира низ различните сектори. Кон крајот на летото 1949 година, руско-американскиот економист Васили Леонтјев започнал да ја развива својата револуционерна математичка методологија која овозможува детално анализирање на овие односи. Неговите придонеси во економската наука му донесоа меѓународно признание и беа крунисани со Нобелова награда за економија во 1973 година.

Оваа студија се заснова на националните табели на инпут и оутпут (IO) обезбедени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија[1] со пресметка на инфлацијата преку податоците за дефлаторот на БДП на Светската банка[2]. Индиректните и индуцираните ефекти квантитативно се определуваат преку Леонтиф[3] и Гош[4] мултипликатори добиени од овие IO таблици, следејќи ја стандардната практика според Милер & Блер (2009)([5]).

1 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија: Симетрична табела влез-излез, 2020
2 Светска банка. „Дефлатор на БДП" (основната година варира по земја). Индикатори за светски развој, data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.DEFL.ZS.
3 Леонтиф, В., уредник, 1986. Економија на влез-излез. Oxford University Press.
4 Гош, А., 1958.. Economica, 25(97), стр. 58-64 Пристап влез-излез во систем на распределба Economica, 25(97), стр. 58-64.
5 Милер, Р.Е. и Блер, П.Д. (2009) Анализа на влез-излез: Основи и проширувања. Cambridge University Press.

# СОДРЖИНА

1. Вовед и клучни наоди 4

2. За ТИТАН Усје 6

3. Придонес на ТИТАН Усје кон економијата во Северна Македонија 9

4. Придонес на ТИТАН Усје кон заедницата 23

5. Накратко за методологијата и економската проценка 31



# 1.

# ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

# КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ НА **ТИТАН УСЈЕ** ЗА ОДРЖЛИВОСТА ВО 2025 ГОДИНА

## 30 милиони МКД

### ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Поддршка на локалната инфраструктура и иницијативи ширум Северна Македонија

## 0.0

### БЕЗБЕДНОСНИ ЗАПИСИ

Стапка на изгубено време поради повреда како одраз на нашата заложба за нула несреќи.

## 95%

### НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАД

95% од отпадот кој завршува на депонија беше намален по пат на рециклирање и ко-обработка.

## 1,4%

### ПРИДОНЕС КОН БДП

Придонес кон БДП на Северна Македонија во 2025 година.

## 11k+

### ЧАСОВИ ОБУКА

Посветени на развој на вработени во 2025 година.

## 60%

### ПОВТОРНО ИСКОРИСТЕНА ВОДА

Процент на повторно искористена вода во нашите индустриски процеси и разладни системи.

## -15%

### ИНТЕНЗИТЕТ НА $CO_2$

Намалување на нето емисиите на $CO_2$ по тон цемент произведен почнувајќи од 2020 година.

## 1%

### РАБОТНА СИЛА

Придонес кон вработувањата во Северна Македонија

# 2. ЗА ТИТАН УСЈЕ





# **70 ГОДИНИ** ВЛИЈАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Титан Усје, дел од групацијата ТИТАН, во изминатите седум децении прерасна во еден од најстабилните и стратешки најважни индустриски столбови на Северна Македонија. Компанијата придонесува со околу 1,4 % во националниот БДП преку своите приходи, даноци, плати и пошироката економска активност, додека директно вработува 249 лица и индиректно поддржува речиси 7.000 работни места низ својот синџир на вредност — што претставува околу 1% од вкупната работна сила во земјата.На овој начин, Титан Усје има значајна улога не само во секторот за градежни материјали, туку и во поширокиот економски развој и стабилност на државата.

Нашите деловни дејности опфаќаат производство на цемент, бетон, агрегати, ѕидарски цемент (Усјемал) и други градежни материјали, поддржувајќи широк спектар на проекти – од големи инфраструктурни зафати до станбени и деловни објекти. Преку вертикално интегриран модел кој вклучува цемент (во вреќи и рефус), ѕидарски цемент, готов бетон и агрегати, компанијата обезбедува конзистентен квалитет, сигурност и ефикасност во своето работење. Компанијата активно поттикнува иновации во производите, методите и материјалите со цел да се зголеми издржливоста, да се подобри ефикасноста во градежништвото и да се намали влијанието врз животната средина, истовремено негувајќи силна култура на здравје, безбедност и континуиран развој.

Покрај својата економска и индустриска улога, Титан Усје има долгогодишна посветеност кон развојот на заедницата, поддржувајќи образование, еколошки иницијативи, инфраструктура, енергетска ефикасност и проекти за безбедност, особено во регионот на Скопје и пошироко. Преку овие активности, компанијата ја зајакнува социјалната кохезија и придонесува кон долгорочен одржлив раст, зацврстувајќи ја својата позиција како доверлив партнер во економскиот и општествениот напредок на Северна Македонија.

Во исто време, компанијата активно го унапредува процесот на декарбонизација преку спроведување мерки за намалување на $CO_2$ емисиите, зголемување на енергетската ефикасност и проширување на употребата на алтернативни горива и одржливи материјали. Паралелно со тоа, Титан Усје ја забрзува својата дигитална трансформација, користејќи современи технологии за оптимизација на процесите, подобрување на перформансите и поддршка на попаметно и поодржливо донесување одлуки низ целиот синџир на вредност.

# **ТИТАН УСЈЕ** ВО КРАТКИ ЦРТИ

ТИТАН Усје работи **70 години**
од основањето во 1955 година

## 1955

Почеток на работењето,
**прва цементарница**

## 1998

Дел од **Групацијата ТИТАН**

## 2008

Усје го потпиша
**Глобалниот договор на ОН**

## 2009-2025

Годишни извештаи за
одржливост **(ESG)**

## 1st

Прва компанија со **Платинум сертификат за Нула отпад до депонија**

## 474.523

**Број на садници** посадени
или подарени од 2009
година

## 13

**Национални награди**
и признанија

## 2025

Еколошки декларации на
производи (EPDs) за серија
на производи во согласност
со **ISO 14025** и **EN 15804**

## 2011

**А- Интегрирана Еколошка**
**дозвола** од



# 3.

# ПРИДОНЕСОТ НА ТИТАН УСЈЕ КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРИСТАП И МЕТОДОЛОГИЈА

## Методологија наградена со Нобелова награда

Со цел да се процени **севкупниот економски отпечаток на ТИТАН Усје,** од суштинско значење е да се анализираат не само неговите директни активности, туку и **мултипликативните** ефекти што се создаваат во пошироката економија преку **индиректното генерирање вредности од страна на добавувачите и купувачите, како и преку индуцираната потрошувачка на платите на вработените во економијата.** Оттаму, во оваа Студија се применува Леонтјевата влезно-излезна рамка на модел, која овозможува прецизно мапирање на меѓусекторските поврзаности. Со ваквиот пристап се овозможува **квантификување на ефектите од набавките на ТИТАН Усје од добавувачите врз економијата на Северна Македонија** – обелоденувајќи ја нивната големина и каналите преку кои се манифестира влијанието на компанијата. Дополнително, како **единствен производител на цемент** во Северна Македонија, **ТИТАН Усје придонесува кон економијата и преку своите продажби кон купувачите.** За да се илустрира овој ефект, анализата се потпира на трудовите на истакнатиот економист Амбика Гош (1921–2014), кој го разви „Гошовиот инверз“, надоврзувајќи се на фундаменталната работа на Леонтјев и проширувајќи ја анализата кон економијата во излезна фаза.

# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Опсег и методологија



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Директните дејности на ТИТАН Усје **доведуваат до стабилни и високо квалитетни работни места** и генерираат **значителни даночни придонеси** на национално и локално ниво. Со набавката на добра и услуги, **компанијата поддржува широка мрежа на добавувачи и изведувачи**, кои во голем број се домашни мали и средни претпријатија (МСП). Овие индиректни ефекти придонесуваат за зголемување на производството, унапредување на континуитетот на работењето кај локалните добавувачи и зајакнување на **индустрискиот капацитет во Северна Македонија.**

Покрај директните и индиректните ефекти, ТИТАН Усје генерира и индуцирани економски влијанија преку потрошувачката на вработените. **Платите исплатени на вработените циркулираат низ економијата** преку потрошувачката на домаќинствата, со што се поддржуваат малопродажбата, транспортот, угостителството и останати локални сектори. Заеднички, овие канали го засилуваат вкупниот придонес на ТИТАН Усје кон националните економски перформанси и добросостојбата на заедницата.

Во 2025 година, ТИТАН Усје придонесе со **1,4 % кон бруто-домашниот производ (БДП) на Северна Македонија**[1], преку приходите генерирани во неговиот ланец на вредности, даноците уплатени во државниот буџет, платите што ги поддржуваат приходите на домаќинствата и инвестициите во заедницата со кои се унапредува локалната добросостојба

1 Проектирани податоци, Меѓународен монетарен фонд: World Economic Outlook, јануари 2026 година

# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТИТАН Усје е еден од најзначајните индустриски работодавачи во земјата, директно одговорен за **249 работни места со полно работно време и индиректно поддржувајќи 6.700 работни места** во својот ланец на вредности, што приближно соодветствува на **1% од работната сила во државата[2].**

**Придонес во 2025 година**
Вредности изразени во милиони МКД

| Милиони МКД | | | | | Бројка на работни места со полно работно време |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сегмент од ланецот на вредности** | **Вредност поддржана од** | **Добивка** | **Даноци** | **Плати и сродни трошоци** | **Вработување** |
| Директно | ТИТАН Усје | 6 058[3] | 515 | 425 | 249 |
| | Плати потрошени во заедниците | 390 | 20 | 180 | 650 |
| Ланец на вредности во влезна фаза | Ланец на вредности на добавувачите | 760 | 90 | 840 | 1 350 |
| | Плати потрошени во заедниците | 790 | 40 | 350 | 1 000 |
| Ланец на вредности во излезна фаза | Ланец на вредности на купувачите | 1 960 | 190 | 950 | 2 650 |
| | Плати потрошени во заедниците | 390 | 40 | 590 | 1 050 |
| **Вкупни вредности кон економијата на Северна Македонија** | | **10 348** | **895** | **3 329** | **6 949** |

2 Вкупни податоци за вработеност заклучно со ноември 2025 година, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија
3 Не ги вклучува дивидендите во износ од 8 22 743 900 МКД дистрибуирани до Титан Групацијата

# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ТИТАН Усје генерираше 515 милиони денари фискален придонес во државниот буџет во 2025 година

ТИТАН Усје генерира значајни фискални вредности за Северна Македонија, при што директните придонеси во државниот буџет во 2025 година изнесуваа 515 милиони МКД. Преку набавката на добра и услуги, со плаќањата кон добавувачите се поттикнуваат стопански дејности во сектори како што се енергетиката, транспортот, одржувањето, професионалните услуги, како и дополнителна активност преку потрошувачката на платите на вработените. **Во 2025 година, овие односи со добавувачите доведоа до вкупно 134 милиони МКД индиректни даночни придонеси.** Со продажбата на ТИТАН Усје кон своите дистрибутери и купувачи исто така се генерираат даночни приходи во излезниот дел од економијата, придонесувајќи со **115 милиони МКД од дистрибутерите и 118 милиони МКД од градежните и компании и компании за набавка на материјали.**

Следствено, присуството на ТИТАН Усје ја **зајакнува националната даночна основа и придонесува кон финансирање на основните јавни услуги.** Дополнително, компанијата **поддржува пошироко економско учество по пат на одржување на работни места и приходи долж целосниот ланец на набавки.** Вработените во компаниите-добавувачи дополнително придонесуваат преку персонален данок на доход и придонеси, со што се засилуваат придобивките во излезниот дел од економијата во однос на државниот буџет. Овие комбинирани ефекти ја истакнуваат **улогата на ТИТАН Усје како долгорочен и доверлив придонесувач кон фискалната стабилност на Северна Македонија.**

### Генерирањето на даноци индиректно поддржано со набавките на ТИТАН Усје на добра и услуги



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Придонес од платени даноци на Титан Усје

ТИТАН Усје се залага за транспарентни и одговорни даночни практики. Секојагодина, компанијатазначителнопридонесува во државниот буџет преку данок на добивка, данок на додадена вредност (ДДВ), како и преку јавни давачки. Воедно, овие плаќања се одраз на големината и опсегот на дејностите на ТИТАН Усје и неговата заложба за целосна усогласеност со националното законодавство и меѓународните даночни стандарди.

Со доследно плаќање на својот правичен удел, ТИТАН Усје придонесува кон јавни инвестиции во инфраструктурата, образованието, здравството и развојот ширум Северна Македонија.

### Преглед на плаќањата на даноци на ТИТАН Усје во 2025



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Диверзитет и инклузија на работното место

11.976

часови обука во 2025

**Човековите права** се во фокусот на Програмата за усогласеност на Групацијата ТИТАН, со што се обезбедува структуриран пристап кон одговорни деловни практики. Посветени сме на создавање инклузивна работна средина, во која нема предрасуди, каде што се промовира различноста, а со сите наши вработени се постапува праведно и сите имаат еднакви можности за раст.

ТИТАН Усје има воведено Политика за почит на работното место на Групацијата со што уште повеќе се зајакнува нашиот став за нула толеранција во однос на вознемирувањето и насилството на работното место.

Денес, застапеноста на жените во Централен одбор за управување изнесува една третина, односно 33% од нашите вработени.

Воедно, компанијата инвестира во обуки за своите вработени, во нивната безбедност на работните места, како и програми за развој кои имаат за цел да го поддржат нивниот долгорочен кариерен раст. Со одржувањето на стабилни и добро платени работни места, како и со обезбедување на високо квалитетни работни услови, ТИТАН Усје придонесува кон стабилноста и сигурноста на приходите на домаќинствата во севкупниот пазар на труд во Северна Македонија.

# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Вредноста на инвестициите во заедницата

Со инвестициите на ТИТАН Усје во заедницата се поддржува и унапредува економската добросостојба во регионите каде што компанијата делува. Овие придонеси го зајакнуваат образованието, заштитата на животната средина, здравството, спортските и културните активности, а истовремено ја подобруваат локалната инфраструктура и пристапот до услуги.

Покрај нивното директно влијание, иницијативите за заедницата доведуваат и до пошироки економски придобивки преку унапредување на јавните добра, поддршка на ранливите категории и поттикнување на локалната потрошувачка. Придонесите на ТИТАН Усје во заедницата бележат континуиран пораст од година в година и секоја година создаваат дополнителна вредност за заедниците.

Вложувања во заедницата во 2025

**30 милиони МКД**

Вложувања во заедницата 2021-2025

**103 милиони МКД**

**Иницијативни за развој на заедницата и донации (2021-2025)**




- **37,100 лица** се директно засегнати со иницијативите во заедницата, како и со едукативни и еколошки иницијативи.
- **46 иницијативи р**еализирани во текот на годината

# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Титан Усје - Обем и канали на продажба

Обемот на продажба на цемент беше стабилен во периодот помеѓу 2023 и 2025 година. Во насока на поддршка на развојот на државата, ТИТАН Усје започна со операции на  уште еден рудник во Ранковци со цел на обезбеди бетон за изградба на дел од железница од стратешко значење, т.е. Делницата 2 од Коридорот 8. Во текот на овој период, продажбата беше главно на дистрибутери кои придонесоа со најголем удел во приходите. Градежните компании и компаниите за готов бетон следуваа втори како најголеми групи на корисници, додека помал удел на продажба беше добиен преку други специјализирани канали.

### Годишен обем на продажба на цемент во ТИТАН Усје за 2023 -2025 година

(Тони цемент)




### 2025 Продажни канали

(Милиони МКД)



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Генерирање вредност за добавувачите и купувачите

ТИТАН Усје е еден од позначајните економски субјекти во Северна Македонија. 71% од расходите за добавувачи се насочени кон локалната економија, со што се поддржуваат локалните приходи и создавањето работни места – најмногу во преработувачката индустрија, енергетиката и рударството. Во 2025 година, беа потрошени 2.5 милијарди денари на локални добавувачи, додека вкупните набавки достигнаа 3.6 милијарди денари. Како единствен производител на цемент во Северна Македонија, продажбата овозможува дополнително градење вредности во заедниците – за градежни компании и компании за набавка на материјали, а индиректно и за дистрибутери и трговци со цемент и производи од цемент. Во 2025 година, продажбата достигна 4.2 милијарди денари.

### Распределба на локалните набавки (лево) и продажба на купувачи (десно) изразена во милиони МКД



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Генерирање вредност за добавувачите и купувачите

ТИТАН Усје работи со широка мрежа на домашни добавувачи низ Северна Македонија, кои во најголем број се мали и средни претпријатија, а секој од нив дополнително се потпира на и поддржува сопствена мрежа на добавувачи во рамките на заедницата. Со ваквите деловни односи се создава стабилна побарувачка за локални добра и услуги и се поддржуваат одржливите приходи во повеќе индустрии. Во 2025 година, односите со добавувачите индиректно генерираа над **1.5 милијарди МКД во однос на добивка** и приближно **2.350 работни места со полно работно време.**

Дополнително, ТИТАН Усје е единствен производител на цемент во Северна Македонија. Со продажбата на дистрибутери и корисници на цемент се поддржува широк спектар на градежни дејности во земјата и се постигнува дополнително создавање вредности во заедниците преку потрошувачката на плати. Севкупно, ова доведе до генерирање над **2.3 милијарди МКД добивка на годишно ниво и приближно 3.700 работни места со полно работно време.**

Покрај директната стопанска дејност, нашите добавувачи и купувачи имаат придобивки од долгорочната соработка, предвидливите договорни односи и повисоката производствена ефикасност, овозможени со континуираното опстојување и работење на ТИТАН Усје. Овој екосистем на ланецот на вредности претставува важен столб на индустриската дејност во регионот, зајакнувајќи ја пошироката економска отпорност и конкурентноста на локалните бизниси.

### Генерирањето на даноци индиректно поддржано со набавките на ТИТАН Усје на добра и услуги



# ПРИДОНЕСОТ НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЕКОНОМИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Со ланецот на вредности на ТИТАН УСЈЕ се поддржа 1% од вкупните работни места во Северна Македонија во 2025 година**

**425 милиони МКД**

За плати, придонеси и останати трошоци за вработените

**1.2 милијарди МКД**

За дополнителни надоместоци на вработените

**2 350**

Работни места со полно работно време во ланецот на добавувачи

**1.5 милијарди МКД**

За плати генерирани од купувачите

**3 650**

Работни места со полно работно време во ланецот на купувачи

**1%**

Поддршка на вкупната вработеност во државата

## Плати и вработувања индиректно поддржани со набавките на добра и услуги на ТИТАН Усје

Добавувачи (вредности во влезна фаза) и продажба на купувачи (вредности во излезна фаза)




## Employment created in the country indirectly supported by Titan Usje





# 4. ПРИДОНЕС НА ТИТАН УСЈЕ КОН ЗАЕДНИЦАТА

# ПРИДОНЕС НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЗАЕДНИЦАТА

## Инвестираме денес за иднината утре - Проект партнерство со училиштата

**Започнувајќи од 2010 година,** ТИТАН УСЈЕ соработува со **15 основни училишта и детски градинки** во општините Кисела Вода и Аеродром, инвестирајќи повеќе од **61,5 милиони МКД.** Програмата се фокусира на реновирање, подобрување на безбедноста и енергетска ефикасност, со што се унапредуваат условите за учење за илјадници ученици.

**15**
**училишта и градинки опфатени**

**15**
**години**
**Проектот се спроведува од 2010 година**

**61.5**
**милиони МКД**
**Инвестирани во основни училишта и градинки**

## Што подобруваме

**ЗАМЕНА НА ФАСАДА И ПРОЗОРЦИ**
Модерни, енергетски ефикасни решенија за подобра изолација и изглед.

**ПОПРАВКИ НА ПОКРИВИ И ОГРАДИ**
Подобра заштита и зголемена безбедност за училиштата и учениците.

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИКАТА**
Современи електрични системи за поголема безбедност и ефикасност.

**ПОДОБРУВАЊА НА ИГРАЛИШТА И ДВОРОВИ**
Современи електрични системи за поголема безбедност и ефикасност.

**РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛНИЦИ**
Удобни и пријатни простории што го поддржуваат учењето.

**АКТИВНОСТИ ЗА ЕКОЛОШКА СВЕСТ**
Инспирирање на учениците да се грижат за животната средина и да градат одржлива иднина.

## Разликата што ја правиме

**ПОДОБРЕНА УДОБНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**
Создавање безбедна и удобна средина за учениците и наставниците.

**НАМАЛЕНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА**
Енергетски ефикасни градби што ги намалуваат трошоците и ја штитат нашата планета.

**ПОСИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЗАЕДНИЦАТА**
Инвестиции што ги зајакнуваат училиштата и создаваат долгорочна вредност за заедниците.

**ДЕЈСТВУВАМЕ ЗАЕДНО НА ДОЛГ РОК**
Градиме долготрајни партнерства со училиштата и општините за да обезбедиме секој проект да донесе одржливи придобивки за идните генерации.

# ПРИДОНЕС НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЗАЕДНИЦАТА

## Градиме поздрави и посилни заедници

Нашата цел е да обезбедиме **позитивен придонес кон одржливиот развој на заедницата.** Преку спроведување на различни активности, како што се оние што придонесуваат за заштита на животната средина или за создавање можности за вработување, особено за младите, како и преку реализација на проекти во различни општествени области, како што се образованието, здравството, безбедноста и развојот на локалната инфраструктура, сакаме позитивно да влијаеме врз луѓето, нашите соседи, но и врз поширокота заедница на која ѝ припаѓаме и која нè опкружува.



**ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Заштита на нашата Планета за одржлива иднина

**МЛАДИ И ВРАБОТУВАЊЕ**
Создавање можности и посветла иднина за младите луѓе

**АКАДЕМИЈА**
Поддршка на знаењето, вештините и доживотното учење

**ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ**
Подобрување на добросостојбата и обезбедување побезбедни заедници

**ИНФРАСТРУКТУРА**
Инвестиции во локален развој и посилни заедници

## ПОДДРШКА ВО ЗДРАВСТВОТО

Придонесовме со повеќе од

**1.2 милиони МКД**

за зајакнување на здравствениот систем, поддржувајќи клучни институции, како што се:

- Универзитетска клинка за детски болести
- Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле
- Универзитетска клиника за дерматологија
- Градска општа хируршка болница "св. Наум Охридски"
- Општа болница во Кочани

Посебно значаен придонес беше донацијата на **ГЕНЕРАТОР ВО ВРЕДНОСТ ОД €10.000** за Општата болница во Кочани.

## ДОБРОСОСТОЈБА И ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

Соработувавме и со локалните општини за поддршка на ранливите групи и обезбедување празнични подароци за децата на кои им е потребно, придонесувајќи кон социјална инклузија и добросостојба на заедницата за време на празници.

**ПОДДРШКА НА ОНИЕ КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА**

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИЈАТА ВО ЗАЕДНИЦАТА**

**РАДОСТ НА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е НАЈПОТРЕБНА**

# ПРИДОНЕС НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЗАЕДНИЦАТА

## Инвестираме во ОБРАЗОВАНИЕТО. Ги зајакнуваме МЛАДИТЕ. Градеме поздрава и посилна ЗАЕДНИЦА.

### ПАРТНЕРСТВА СО АКАДЕМИЈА

Преку пратнерства во образованието, одржуваме силна соработка со многу академски институции. Помеѓу 2023 и 2025 година, придонесовме со вкупно

**14 милиони МКД**

за поддршка на образовните институции, вклучувајќи:

- **ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
- **ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**
- **ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ, КАТЕДРА ЗА ХЕМИЈА**
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**




Клучен акцент на нашата поддршка во образованието е долгорочната и значајна соработка со Градежниот факултет преку проектот **„Знаење+, $CO_2$-“.** Во рамките на оваа иницијатива, Титан Усје обезбеди поддршка за изградба и целосно опремување на современ едукативен и истражувачки центар, наменет за академските и научните потреби на факултетот. Оваа иницијатива ги поттикнува **иновациите, одржливоста и практичните можности за учење на идните професионалци.**

# ПРИДОНЕС НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЗАЕДНИЦАТА

**Инвестираме во ОБРАЗОВАНИЕТО. Ги зајакнуваме МЛАДИТЕ. Градеме поздрава и посилна ЗАЕДНИЦА.**

## МЛАДИ, СПОРТ И ЗДРАВ НАЧИН НА ЖИВОТ

Промовирањето на здрав начин на живот и вклученоста на младите претставува уште една важна област кон која сме фокусирани.

## ПРИДОНЕСОВМЕ СО > 2 МИЛИОНИ МКД

во поддршка на **Ракометната федерација** и иницијативата **„Ракометен караван“**



**ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТ ВО СПОРТ**

**ГРАДЕЊЕ ТИМСКИ ДУХ**

**ПРОМОВИРАЊЕ НА ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ И ДОБРОСОСТОЈБА**

# ПРИДОНЕС НА **ТИТАН УСЈЕ** КОН ЗАЕДНИЦАТА

## Едукација на младите луѓе, унапредување на вештините и стекнување практично искуство

Како активен партнер на заедницата, Титан Усје континуирано спроведува и поддржува различни проекти поврзани со развојот на младите. Главниот фокус во овој сегмент е унапредување на процесот на едукација на младите луѓе, подобрување на нивните вештини и стекнување практично искуство.

### 1. Студентски програми

Преку нашите програми за поддршка на студентите, активно придонесуваме кон развојот на младите луѓе преку поддршка на иницијативи за мобилност и размена на знаење.

- **ИАЕСТЕ Македонија (International Associationfor Exchange of Students for Technical Experience ,IAESTE)**
- **Студентски конференции/ летни кампови и студентски здруженија**
- **Настан Science@FEIT**
- **Конференција GreenCirc**
- **Студентски хакатон**
- **Настан во Клуб на млади инженери (KMI Talks)**
- **Соработка со БЕСТ (Борд на Европски Студенти по Технологија)**
- **Студентско собрание при Универзитет св. Кирил и Методиј**

### 2. Практично искуство

Преку праксите овозможуваме студентите да се стекнат со искуство во процесот на работа

**Практиканти 2021-2025**
**86**

**Посети од студенти 2021-2025**
**193**

**Опремена лабораторија и Сектор за квалитет чии опрема и простории се на располагање за разни проекти**

# ИНОВАТОРИУМ КЛУБ НА НАПРЕДНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Почнувајќи од 2024 година, Титан Усје започна проект за развој на дигитални вештини кај младите. Титан Усје организира бесплатна обука за 3Д печатење на сите ученици од 7-мо одделение од сите 16 основни училишта во општините Кисела Вода и Аеродром. Програмата беше развиена и реализирана во соработка со претставници од Технолошко Металуршки Факултет при Универзитет св. Кирил и Методиј.

**420 ученици 2024-2025**

**> 1.4 милиони МКД инвестирани**



# ЕКОЛОШКИ СТАНДАРДИ И СЕРТИФИКАТИ

**Континуиран одржлив развој и унапредувањето во областа на животната средина претставуваат водечки двигатели на УСЈЕ.**

ТИТАН Усје е носител на А – Интегрирана еколошка дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, со што се потврдува посветеноста на компанијата кон заштитата на животната средина.

Компанијата има имплементирано и одржува Систем за управување со животната средина, Систем за управување со енергија, како и пристап „Нула отпад до депонија“.

Сите системи подлежат на континуирани подобрувања со цел зголемување на ефикасноста и се усогласени со стандардите ISO 14001:2015, ISO 50001:2018 и Платинум Сертификат за нула отпад до депонија.

За 2025 година, ТИТАН Усје се здоби со Платинум Сертификат за нула отпад до депонија и стапка на преработка од 99.86% во однос на генерираниот отпад

Во 2025, ТИТАН Усје разви Еколошки декларации на производи (EPDs) за серија на производи во согласност со ISO 14025 и EN 15804.

ТИТАН Усје ја доби својата прва Верификациска изјава за пресметките во рамките на CBAM (Carbon Border Adjustment) механизмот.



# 5.

# НАКРАТКО ЗА МЕТДОЛОГИЈАТА И ЕКОНОМСКАТА ПРОЦЕНКА

# ПРОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО КУСИ ЦРТИ

## Методологија наградена со Нобелова награда

Во текот на целосната Студија, ја користевме следната терминологија:

- Вредносен ланец – директен (операции на ТИТАН УСЈЕ), вредности во влезна фаза (набавки од добавувачи) и вредности во излезна фаза (продажба на купувачи.
- Директни ефекти – сопствени приходи на ТИТАН Усје, придонеси за даноци и надоместоци за вработени.
- Индиректни ефекти – ефекти предизвикани од набавки од добавувачи („вредносен ланец на добавувачите“) или продажба на купувачи („вредносен ланец на комитентите“).
- Индуцирани ефекти – ефекти предизвикани од трошење на плати исплатени на вработените – како од страна на ТИТАН Усје, така и индиректно преку односите со добавувачите и комитентите. Овие ги нарекуваме „плати потрошени во заедниците“.

Во текот на Студијата, ефектите ги означувавме како „поддржани од“ а не „создадени од“ ТИТАН Усје. Индиректните и индуцираните ефекти се квантитативно пресметани преку влезно-излезни (IO) табели обезбедени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, при што инфлацијата е земена предвид преку бројки од БДП Дефлаторот на Светска банка. Мултипликаторите на Леонтјев и Гош се добиени од овие влезно-излезни табели. Инвестициите во заедницата се прикажани посебно како збир на донации и средства за КОО потрошени од страна на ТИТАН Усје. Не се направени претпоставки во однос на никакви мултипликативни ефекти.




**Колоните покажуваат како се трошат парите во економијата**


*Извори:*
*Државен завод за статистика на Република Северна Македонија Симетрична влезно-излезна табела, 2020*
*Светска банка. „БДП Дефлатор” (основната година варира по држава). Индикатори за светски развој, data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.DEFL.ZS.*
*Leontief, W. ed., 1986. Input-Output Economics. Oxford University Press.*
*Ghosh, A., 1958. Input-Output Approach in an Allocation System. Economica, 25(97), стр. 58-64.*
*Miller, R.E. and Blair, P.D., 2009. Input-Output Analysis: Foundations and Extensions. Cambridge University Press.*

TITAN
USJE

Бул. Борис Трајковски бр. 94
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Телефон: 00389 (2) 2782 500
Факс: 00389 (2) 2786 390
Ел.пошта: contact@usje.mk

